# Кодекс на етичко однесување на финансиските менаџери на МКТ

1. Чесно и етичко однесување

   1.1. Македонски Телеком АД – Скопје (МКТ) е должна да ги почитува највисоките барања за етичкото деловно однесување, поради што финансиските менаџери на МКТ (во понатамошниот текст: менаџер) се должни постојано да практикуваат чесно и етичко однесување во секој поглед при извршувањето на нивните работни обврски.

   1.2. Менаџерот е должен во секое време да одржува односи во согласност со стандардите за однесување и работење од највисоко ниво во поглед на инвеститорите, корисниците, добавувачите и вработените на МКТ, како и во поглед на владините органи. Како и сите вработени на МКТ, така и менаџерите треба секогаш да ги применуваат своите целокупни знаења.

   1.3. Во согласност со Нашиот Кодекс на однесување, менаџерот е должен целосно да се придржува кон сите релевантни одредби од Нашиот Кодекс на однесување и да одбегнува дури и појава на каква било претпоставена неусогласеност. Каков било потенцијален или реален конфликт на интереси веднаш треба да биде соопштен во согласност со директивите што ги уредуваат прашањата во поглед на конфликт на интереси.

2. Обезбедување на информации

   2.1. Секој менаџер е одговорен да бара и обезбедува целосност, веродостојност и прецизност на информациите што се соопштуваат на општо разбирлив начин и навремено во документите и извештаите коишто МКТ ги прави достапни или ги доставува по барање на одредена владина или регулаторна организација или орган, или пак ги прави достапни за јавноста на кој било друг начин. Тие информации вклучуваат информации што се однесуваат на берзите, на акционерите, на вработените, како и општо земено на јавноста.

   2.2. Врз основа на Нашиот Кодекс на однесување, менаџерите се обврзани да се придржуваат кон одредбите за доверливост на Кодексот на етичко однесување на финансиските менаџери.

   2.3. При извршувањето на своите должности, менаџерот не смее да фалсификува факти. Ќе се смета дека менаџерот фалсификувал факти особено во следните случаи:

      - Намерно или како резултат на небрежност, вклучување на погрешни или лажни изјави во финансиските извештаи или записи, или избегнување да се вклучи одредена важна информација во финансиските извештаи или записи,
      - Давање дозвола на други да го прават истото или издавање на упатство со такво својство,
      - Некорегирање на погрешни или лажни финансиски извештаи или записи,
      - Потпишување на какви било документи или дозволување на други да потпишуваат документи коишто содржат погрешни или лажни информации,
      - Користење на финансиските извештаи или записи или на каков било документ којшто содржи погрешни или лажни изјави претставени како реални, или уништување на истите, нивно прикривање или пак оштетување во голема мерка или на кој било начин причинување истите да станат неупотребливи,
      - Давање на каков било лажен одговор или пак не давање на одговор на конкретно прашање од надворешните ревизори на МКТ.

3. Усогласеност со законодавството

3.1. Менаџерот е должен да осигури МКТ да биде усогласена и целосно да ги почитува сите релевантни закони, како и какво било правило или одредба којашто е валидна во законодавните области под коишто спаѓа деловната дејност на МКТ, вклучително и одредби во поглед на активности поврзани со сметководство и контрола. Обврската за придржување кон законодавството исто така вклучува и усогласеност со законите, правилата, прописите и етичките стандарди што се применуваат за случаите во коишто менаџерот лично тргува со акции на МКТ, како и кога менаџерот користи информации поврзани со МКТ, а коишто не се наменети за јавни цели. Овие трансакции се регулирани со Законот за хартии од вредност, како и со Директивата на ГИД на МКТ - CEOD 007 Односи со инвеститори и известување, BoDD 008 Директива за имплементација на законските услови за забрана на инсајдерско тргување и берзански манипулации со акциите на МТ и BoDD 007 Директива за забрана на тргување врз основа на внатрешни информации и берзански манипулации со хартиите од вредност издадени од МКТ, коишто не се составен дел на Кодексот на етичко однесување на финансиските менаџери. Секој менаџер е должен да обезбеди лична поддршка на промовирањето на основниот принцип на ниво на Групацијата, врз основа на којшто информациите наведени во изјавите или информациите што се од финансиски карактер се евидентираат на најцелосен и најпрецизен можен начин како што е пропишано со соодветните сметководствени прописи.

3.2. Исто така, менаџерот е одговорен постојано да работи во согласност со и редовно да ги оценува процедурите на МКТ што обезбедуваат соодветно посочување на каков било настан кога одредено лице отстапува од основниот принцип на МКТ за барање на усогласеност со сите релевантни сметководствени прописи.

3.3. Кодексот на етичко однесување на финансиските менаџери не претставува збирка на сите закони, прописи или стандарди што важат за МКТ и вработените на МКТ. Секој менаџер е должен да се придржува кон сите применливи барања и забрани наложени со соодветните закони, правила и прописи, вклучувајќи ги и оние што се однесуваат на прашањата поврзани со сметководство и ревизија.

4. Интерно разрешување

4.1. Доколку одреден менаџер смета дека кој било друг менаџер или некое друго лице што дејствува по упатствата на одреден менаџер постапува или не постапува на одреден начин поради којшто одредбите од Кодексот на етичко однесување на финансиските менаџери можно е да биле прекршени, менаџерот е должен веднаш за истото да го извести Офицерот за усогласеност во МКТ или пак да го пријави прекршувањето на Кажи ми! e-mail адресата за пријавување на МКТ (во понатамошниот текст: Кажи ми!). (Информации за начинот на пристапување и детално упатство се дадени во Нашиот Кодекс на однесување.) Во спротивно, ќе се смета дека било извршено прекршување на Кодексот на етичко однесување на финансиските менаџери. Лицето коешто ја врши пријавата не смее да трпи какви било реперкусии за вршење на пријавата со добра волја.

4.2. Покрај претходно наведеното, секој менаџер е исто така должен веднаш да го извести Офицерот за усогласеност во МКТ или пак да пријави на Кажи ми! Етичката линија во врска со какви било информации коишто тој ги дознал, особено во однос на следното:

- Какви било недостатоци или пречки во процедурите на МКТ што би имале штетно влијание на способноста на МКТ да ги евидентира, обработува, подготвува, собира и внесува своите финансиски податоци во своите книги, или за коишто недостатоци или пречки постои добра причина да се смета дека би можеле да имаат такво влијание,

- Без оглед на конкретниот степен на сериозност или предметниот износ, каква било измама во којашто се вклучени менаџерите или кои било други вработени што играат важна улога во подготовката на финансиските извештаи на МКТ или во обработката на податоци,

- Прекршување на кој било закон, пропис или стандард во поглед на МКТ и работењето на МКТ, доколку таквото прекршување е извршено од страна на МКТ или кои било вработени, консултанти, договорни страни или застапници на МКТ,

- Неетичко, нечесно или незаконско однесување или активност со којашто се прекршува Кодексот на однесување, Кодексот на етичко однесување на финансиски менаџери или кое било упатство на МКТ, доколку лицето инволвирано во истото е вработен што игра важна улога во работењето на финансиските извештаи на МКТ, обработката на податоци и поврзаните процедури.

5. Одговорност за усогласеност со правилата

5.1. Менаџерот се смета за лично одговорен за постапување во целосна согласност со одредбите што се утврдени во Кодексот на етичко однесување на финансиските менаџери.

5.2. Лицата коишто ќе го прекршат Кодексот на етичко однесување на финансиските менаџери сносат одговорност во согласност со Законот за работни односи, Законот за трговски друштва, Законот за облигациони односи и други релевантни закони и интерни регулативи на МКТ.

5.3. Казните што се применуваат се во зависност од сериозноста на делото и од вината на вработениот и истите можат да бидат: усно или писмено предупредување, казнена правна последица утврдена врз основа на непочитувањето на обврските поврзани со работното место, раскинување на работниот однос или каква било друга правна последица, во согласност со законодавните и интерните правила.

5.4. Доколку станува збор за сериозно прекршување што му нанесува штета на работодавецот, работодавецот може да покрене постапка за надомест на штета против конкретниот менаџер, во согласност со законодавните правила, интерните регулативи и менаџерските договори/договорите за вработување.